09-28/6
25-02-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 62 - та седница одржана на 15.02.2022 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот бр. бр. 09-7481/1 од 31.12.2021 година, оформен по сопствена иницијатива ------- ------ член на совет на општина ------- и член на Управен одбор на ЈП за стопанисување со шуми „------ ------ -- ---" **СЕ ЗАПИРА.**

По доставено известување со Записник за констатиран прекршок и прекршочен платен налог, поради повреда на одредби од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, до лицето Милутин Ристески и негово постапување, ДКСК утврди нема елементи за натамошно постапување.

Оваа одлука во анонимизирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот со број бр. 09-7481/1 од 31.12.2021 година е оформен по сопствена иницијатива, согласно член 17 став 1 точка 10 и 12 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, според кој Државната комисија ја евидентира и следи имотната состојба и интересите и врши проверка на податоците од поднесените изјави за имотна состојба и интереси.

Имено, ДКСК направи увид во поднесениот Образец изјава за интереси од страна на лицето ------ ------ со бр. 09-7481/1 од 31.12.2021 година и утврди дека истиот, покрај тоа што ја извршува функцијата член на совет на општина ------- во исто време е и член на Управен одбор на ЈП за стопанисување со шуми „------- ----- --- ---".

Наведената ситуација е спротивна на член член 44 став 2 и 4 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, што претставува прекршок казнив по член 105 став 1 алинеја 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси.

Согласно наведеното, ДКСК констатираше дека од страна на лицето ------ ------ е сторен прекршок по што, до истиот достави известување за настанатата состојба, како и согласно Законот за прекршоци состави Записник за констатиран прекршок и издаде Прекршочен платен налог.

ДКСК преку доставеното известување му укажа на истото лице дека е потребно во рок од 15 дена од денот на приемот на ова известување да го отстрани прекршокот, со тоа што ќе се откаже од една од двете функции кои ги врши.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Во законски предвидениот рок, лицето ----- ----- постапи по барањето на ДКСК и се откажа од извршување на должноста – член на Управен одбор на ЈП ----- -----, за што во прилог достави Барање за разрешување од должноста член на управен одбор на Јавно претпријатие од 18.01.2022 година испратено до Владата на РСМ. Исто така, лицето ------ ------ достави до ДКСК уплатница за платена глоба по издаден прекршочен платен налог.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК:
Изготвил: Е.Н - соработник
Контролирал: К.З - раководител
Одобрил: С.П.Д - член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk